АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 08-49/1
10 01 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До: Друштвата за осигурување

Предмет: Циркуларен допис

Почитувани,

Во согласност со одредбите од членот 122 став (1) од Законот за супервизија на осигурување, Агенцијата за супервизија на осигурување има мандат да пропише регулатива за водење на сметководството и финансиското известување на друштвата за осигурување во Република Македонија. Законот бара оваа регулатива да биде усогласена со меѓународните сметководствени стандарди и меѓународните стандарди за финансиско известување. Врз основа на овие одредби од Законот за супервизија на осигурување, Агенцијата во периодот 2010-2012 година донесе правила за:

- контниот план за друштвата за осигурување;
- формата и содржината на финансиските извештаи за друштвата за осигурување и белешки кон извештаите и детална содржина на годишниот извештај за работењето на друштвата за осигурување;
- методот за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за изготвување на финансиските извештаи;
- формата и содржината на ревизорскиот извештај и
- деталната содржина на потврдата на овластениот актуар согласно со ставот 1 од членот 116 од законот.

Меѓународните сметководствени стандарди и меѓународните стандарди за финансиско известување ги усвојува Одборот за меѓународни сметководствени стандарди. Во мај 2017 година, Одборот за меѓународни сметководствени стандарди донесе Меѓународен стандард за финансиско известување 17 – Договори за осигурување. Во 2020 година Одборот усвои измени на овој стандард, и одлучи да го одложи првичниот датум на примена наместо од 2021 година, истиот да биде во примена од 1.1.2023 година.

Имајќи предвид дека со донесувањето на меѓународниот стандард за финансиско известување за договори за осигурување се воспоставија нови барања кои значително се разликуваат од барањата воспоставени со регулативата донесена од Агенцијата која е во сила во Република

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

Македонија, се јавува потреба од менување на истата, со цел прифаќање и примена на меѓународните стандарди.

За оваа цел Агенцијата иницираше формирање на работна група која ќе ги идентификува потребите од менување на постојниот систем за водење на сметководство и финансиско известување на друштвата за осигурување во земјата, и ќе овозможи лесна и ефикасна транзиција.

Работната група го одржа првиот состанок во хибриден формат, со физичко присуство во просториите на Агенцијата и преку Zoom Link, на 9 октомври 2023 година.

Како дел од заклучоците од првиот состанок, кои може и треба да бидат во функција на следните заеднички чекори и активности, ги издвојуваме:

- Друштвата за осигурување ја препознаваат потребата од менување на регулативата за водење на сметководство и финансиско известување со цел прифаќање на барањата од Меѓународниот стандард за финансиско известување 17 – Договори за осигурување.
- Друштвата за осигурување во моментов имаат различен степен на развој на вештини и практики на разбирање и примена на МСФИ 17. Друштвата за осигурување кои се дел од осигурителни групи во кои компанијата мајка е со седиште во земја членка на ЕУ и која компанија мајка има обврска да го води сметководството и да подготвува финансиски извештаи согласно со барањата на МСС и МСФИ, веќе известуваат во рамки на групата согласно барањата на МСФИ 17. Овие компании почнувајќи од 1.1.2023 подготвуваат два сета на финансиски извештаи, еден за потребите на осигурителната група при изготвувањето на консолидирани финансиски извештаи и еден за потребите на домашната регулатива. За целите на споредливост, и согласно со барањата на МСС 8, ја имаат преработено и деловната 2022 година.
- Друштвата за осигурување кои изготвуваат финансиски извештаи по барањата на МСФИ 17 им бил потребен временски период помеѓу 2-3 години да ги прилагодат системите и процесите со цел да можат да известуваат согласно со барањата на МСФИ 17. Во овој подготвителен период друштвата за осигурување идентификувале

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

податоци и информации од работењето, како и системски алатки кои се потребни за целите на барањата на стандардот.

- Според друштвата за осигурување, паралелно со процесот на усвојување и примена на барањата од МСФИ 17 треба да тече и процесот на усвојување и примена на барањата од МСФИ 9 – Финансиски инструменти.
- Земјите во кои е во сила Солвентност 2 имаат полесна транзиција кон МСФИ 17. За оваа цел Агенцијата е на став дека овие два процеса треба да течат истовремено и да им се даде еднаков приоритет во следниов временски период.
- И покрај фактот што барањата на МСФИ 17 имаат за цел да го олеснат разбирањето во самите друштва за осигурување, пред сè, за профитабилноста на договорите за осигурување и веродостојно да информираат во самите друштва за осигурување за успешноста на основното работење во услови на динамично економско окружување, сепак друштвата за осигурување ја препознаваат Агенцијата за супервизија на осигурување како надлежна не само за носење на регулативата за сметководство и финансиски известување на ДО по МСФИ 17 туку и за добивање на консултации и мислења околу евентуални прашања поврзани со примената на одредени конкретни барања, кои би ги имале во иднина.
- Друштвата за осигурување искажуваат волја за соработка и вклученост на свој стручен кадар околу подготовката на новата регулатива, овластени актуари и раководни лица од областа на финансиите и сметководството во друштвата за осигурување.

Советот на експерти на Агенцијата на редовна седница одржана на 25.12.2023 година донесе Стратешки план за работа на Агенцијата во следниот тригодишен временски период.

Еден од клучните приоритети во Стратегијата, покрај усогласувањето со Солвентност 2 регулативата, е и **прифаќање, и одложена примена на МСФИ 17. Нашите очекувања се друштвата за осигурување да почнат да ги применуваат барањата од стандардот и да подготвуваат финансиски извештаи согласно овие барања за годината која почнува на 1.1.2027 година.**

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

Агенцијата за супервизија на осигурување очекува дека друштвата за осигурување, кои до сега не предвиделе менување на постојните деловни сметководствени политики со цел усогласување со барањата на МСФИ 17, дека во претстојниот временски период, **но не подоцна од 1.4.2024 година**, ќе извршат соодветни промени во деловните планови и политики, со цел да утврдат соодветни акциски планови и организациска структура на ниво на секое поединечно акционерско друштво за осигурување, која ќе работи на усогласување на деловната политика и пракса со барањата на стандардите.

Во истиот рок, Агенцијата очекува да биде известена од органите на друштвата за осигурување за донесените одлуки, акциски планови и деловни политики.

Ве известуваме дека последната официјална објава во Службен весник на превод на Меѓународните стандарди за финансиско известување, е извршена на 10.08.2011 година, со објава на преводот на Меѓународниот стандард за финансиско известување за мали и средни ентитети. Оттогаш, се основаше и почна со работа национален Институт за сметководство, како професионално тело кое, меѓу останатото, има за надлежност да врши превод и иницира објави на Меѓународните стандарди за финансиско известување во земјата.

Оттука, Агенцијата посочува дека до објавата на стандардот во Службен весник на Република С.Македонија треба да ја користиме официјалната интернет страница на која е објавен стандардот, со прилозите, на англиски јазик: https://www.ifrs.org/issued-standards/list-of-standards/ifrs-17-insurance-contracts.html/content/dam/ifrs/publications/html-standards/english/2023/issued/ifrs17/.

Со почит,

Претседател на Советот на експерти,
Крсте Шајноски

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE СКОПЈЕ-SHKUP